Врз основа на член 13 став 1 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 59/25) и член 5 став 1 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници на Државниот испитен центар, бр. 01-440/3 од 28.12.2022 година, бр. 01-176/3 од 1.3.2023 година, бр. 01-197/3 од 15.04.2024 година, бр. 01-109/3 од 11.02.2025 година и бр. 01-157/4 од 25.3.2025, Државниот испитен центар, распишува

# ЈАВЕН КОНКУРС

**за избор на надворешни соработници – оценувачи на тестови од екстерниот дел на државна матура, државна стручна матура и државна уметничка матура во учебната 2025/2026 година**

**I.** Државниот испитен центар распишува јавен конкурс за избор на надворешни соработници - оценувачи на тестови од екстерниот дел на државна матура, државна стручна матура и државна уметничка матура во учебната 2025/2026 година, по предметите:

1) **Македонски јазик и литература;**
2) **Албански јазик и литература;**
3) **Турски јазик и литература;**
4) **Српски јазик и литература;**
5) **Англиски јазик;**
6) **Француски јазик;**
7) **Германски јазик;**
8) **Руски јазик;**
9) **Италијански јазик;**
10) **Математика и**
11) **Историја.**

**II. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:**

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област;
- да се од редот на наставниците од соодветниот наставен предмет во основните или средните училишта во РСМ и
- да имаат најмалку 3 (три) години работно искуство во настава.

**III. Кандидатите задолжително ја доставуваат следнава документација:**

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на веб-страницата: www.dic.edu.mk);
- уверение за државјанство;
- копија од уверението/дипломата за завршени соодветни академски студии од прв циклус, заверена на нотар и
- потврда за заснован редовен работен однос и соодветно работно искуство од најмалку 3 (три) години како наставник од соодветниот наставен предмет во основните или средните училишта во Република Северна Македонија, во оригинал или во копија заверена на нотар.

**IV.** За кандидатите кои ги исполнуваат горенаведените услови Државниот испитен центар ќе организира обука, а потоа и проверка на способноста и прецизноста на кандидатите при оценувањето на одговори/решенија од ученици, по што ќе следи конечниот избор.

Кандидатите кои не присуствувале на обуката, не се земаат предвид во понатамошната постапка.

За оценување на тестовите од екстерниот дел на државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура, Државниот испитен центар избира оценувачи од редот на наставниците во средните училишта кои реализираат настава по предметот што се оценува. По исклучок, доколку за оценувач не може да се обезбеди наставник од средно училиште, се определува наставник од основно училиште, со завршено високо образование и кој реализира настава по предметот што се оценува.

Изборот на надворешните соработници се врши на начин и во постапка утврдена со Законот за Државниот испитен центар и Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници на Државниот испитен центар.

**V.** Кандидатите кои ќе бидат избрани за надворешни соработници – оценувачи на тестови од екстерниот дел на државна матура, државна стручна матура и државна уметничка матура во учебната 2025/2026 година, ќе бидат ангажирани до 15.9.2026 година.

**VI.** Рок за пријавување на заинтересираните кандидати е заклучно со 27.2.2026 година.

**VII.** Изборот на надворешните соработници ќе се изврши најдоцна во рок од 18 (осумнаесет) дена по истекот на рокот за пријавување.

**VIII.** Ненавремена, невалидна и некомплетна документација, нема да биде предмет на разгледување.

**IX.** Пополнетата пријава со потребната документација се доставува **ИСКЛУЧИВО ПО ПОШТА** со препорачана поштенска пратка, или со брза пошта на следнава адреса: Државен испитен центар – Скопје ул. Васил Ѓоргов“ 6.6. 1000 Скопје, со назнака „**За јавен конкурс за надворешни соработници – оценувачи за предметот ...**“( се наведува предметот за чие оценување се пријавуваат кандидатите).

**X.** Дополнителни информации за јавниот конкурс можат да се добијат на телефонскиот број 075/258-862, секој работен ден од 10.00 часот до 14.00 часот.

ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР